8 мај, 2014 г. - "Sardich MC" започна соработка со "Iontech 2000", Бугарија

Во април, 2014 г. "Sardich MC" склучи договор за стратешко партнерство со компанијата "Iontech 2000" за извршување на градежниот проект за рударски комплекс за производство на катоден бакар „Казандол".

Како што е предвидено во договорот, "Iontech 2000" планира да изведе неколку металуршки тестови на оксидната бакарна руда испробувајќи различни услови за работа, кои ќе служат како основа за генералниот проект на комплексот и за подготовката на Претстудијата за изводливост за неговата изградба.

Планирано е соработката со "Iontech 2000" да продолжи понатаму околу прашањата како што се деталниот инженеринг на производствениот комплекс, обезбедување современа, економско ефикасна и еколошко безбедна опрема со воведување на правилата за технолошка работа во согласност со законите на Република Македонија. "Iontech 2000" исто така ќе биде вклучена во планирањето и набљудувањето на постапката на лужење на купот при проектот „Казандол".

"Iontech 2000" беше избрана за партнер поради фактот што за време на нејзино постоење, почнувајќи од 1990 г., компанијата стекна големо искуство во проектирање на хидрометалуршки погони и опрема во регионот. Компанијата беше активен учесник во извршувањето на повеќе од 10 проекти, меѓу кои најпрепознатливи од нив кои можат да се споредат со нашиот проект се „Ассарел-Медет" и „Бучим". За потребите на проектот „Ассарел-Медет" (Бугарија)[1] во 2007 г., "Iontech 2000" подготви комплетен проект на постројка за извлекување на бакар од одводните води, вклучувајќи и металуршки тестови, детален инженеринг и набавка на технолошка опрема, изградба на погон, отпочнување со производство и обука на вработените. Друг проект беше изработен во 2011 г. за компанијата „Бучим" (Македонија)[2], вклучувајќи изградба до клуч на објект за производство на катоди во кој се врши хидрометалуршка обработка на бакарна руда користејќи ја технологијата на лужење и електролиза (извлекување на раствор и електровининг).

Информации за компанијата:

"Iontech 2000" нуди услуги и целосни решенија за инженерско проектирање на технолошки постапки, сложена испорака на опрема, монтажа и пуштање на производствени процеси во употреба.

Нуди иновативни технолошки решенија во полето на хидрометалургијата на обоени и скапоцени метали, прочистување на отпадни води и мелиорација на оштетена земја.

"Iontech 2000" има големо искуство во проектирање постројки и капацитети за обработка на различни видови руди, концентрати и отпадни производи кои содржат состојки од вредност.

Висококвалификуваните инженери на "Iontech 2000" имаат големо искуство во полето на рудната и преработувачката индустрија во Бугарија, стекнато низ проектирањето и пуштањето во употреба на рудни наоѓалишта на бакар, цинк, ураниум, молибден и волфрам, како и на постројки за прочистување на отпадни води.

---

[1] Рудник „Ассарел-Медет", главен проект за ископување и обработка на бакар, лоциран 11 km северо-западно од градот Панаѓуриште (Бугарија). Производството на рудникот е над 10.5 Mt бакарна руда, како и производство на бакарен концентрат кој се продава на бакарите погони во Пирдоп. Рудата исто така содржи и молибден, никел, злато и сребро.

[2] Рудник „Бучим", проект за ископување на бакар, злато и сребро, лоциран 12 km северно од градот Радовиш (Македонија). Капацитетот на проектот е 2400 t катоден бакар годишно.